**Известување за концентрација со која Порше Информатик Гезелшафтм.б.Х, Австрија ќе стекне контрола над ДАСОФ Трговско инсторитвеноподјетије, д.о.о, Словенија (предмет бр. 08-19/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 29.01.2020 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација со која Порше Информатик Гезелшафтм.б.Х (Porsche Informatik Gesellschaftm.b.H.), друштво со ограничена одговорност основано според законите на Австрија, со седиште на Луис-Пиех-Штрасе 9, 5020 Салцбург, Австрија *има намера да стекне единствена контрола врз* ДАСОФ Трговско инсторитвеноподјетије, д.о.о, (DASOF trgovskoinstoritvenopodjetje, d.o.o.), друштво со ограничена одговорност, со регистрирана адреса на Укмарјева улица 6, 1000 Љубљана, Словенија по пат на купопродажба на удели.

***Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:***

**Порше Информатик** е друштво кое обезбедува услуги за компјутерска обработка и подготовка на податоци за автомобилскиот сектор. Порше Информатик е директно зависно друштво на Порше Холдинг Салцбург (PorscheHoldingSalzburg), друштво за трговија со автомобили во Европа и член на ФолксвагенГрупацијата (VolkswagenGroup). Групацијата Фолксваген има четири регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија, имено:

- **Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје - Бутел, Бутел, кое врши дејност Финансиски лизинг.
- **Акционерско друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје**, со седиште на ул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје - Бутел, Бутел, кое врши дејност на застапници во осигурување и осигурителни посредници.
- **Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје - Бутел, Бутел, кое вршиТрговија со автомобили и моторни возила со лесна категорија; и
- **Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден**, со седиште на ул. 34, бр. 7, Илинден, Илинден, кое врши трговија со останати моторни возила.

**ДАСОФ Трговско инсторитвеноподјетије, д.о.о**, е специјализирано во развој на софтвер за деловни апликации, а посебно на софтверски решенија за лизинг,

како и консултации.

Според подносителот на известувањето  предметната концентрација се однесува на следните пазари на производи: 1) пазарот за софтвер за деловни апликации, 2) пазарот за услуги на лизинг, што може да биде сегментиран на пазар за финансиски лизинг и пазар за оперативен лизинг; и 3) пазарот на осигурително брокерски услуги, додека географскиот опсег на сите пазари на производи може да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

13.02.2020 година
Скопје